**Известување за концентрација со која СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), Чешка, ќе стекне контрола над ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје**

**(предмет бр. 08-54/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14 и 53/16), на ден 20.05.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), со регистрирано седиште на: Јактарже (Jaktare) 1475, Маржатице (Maratice), Ухерске Храдиште (Uherske Hradiste), поштенски број 686 01, Република Чешка, ќе стекне контрола над Друштво за угостителство и игри на среќа ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр. 50/5, Скопје – Центар, Република Македонија по пат на купопродажба на удели.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

1.СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), Република Чешка, ги врши следите деловни активности: угостителска дејност, дејност на сметководствени советници; вршење на летачка дејност за сопствени потреби; работа со апарати за играње;овозможување на технички услуги за заштита на имот и лица; производство, инсталација, поправки на електрични апарати, електронски и телекомуникациски уреди.

СИНОТ В, а.с. (SYNOT W, a.s.), Република Чешка, во Република Северна Македонија е присутен преку својата подружница СИНОТ ВВ. а.д. Ухерске Храдиште - Република Чешка - Подружница во Република Македонија – Скопје, со седиште на Орце Николов бр.206-1/17 Скопје, чија дејност е изнајмување и давање под закуп (лизинг) на останати машини.

- Друштво за угостителство и игри на среќа ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр. 50/5, Скопје – Центар, Република Македонија, чија дејност е – дејности на коцкање и обложување. ТХЕ-СЛОТС ДОО Скопје поседува лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Оваа концентрација настанува на пазарот на игри на среќа во автомат клубови, во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.05.05.2019 година
Скопје